# I БИЕНАЛЕ

НАЦИОНАЛНА UNPLUGED СМОТРА НА МЛАДИ АВТОРИ ВО КЛАСИЧНИ МЕДИУМИ 2002

# ГЕВГЕЛИЈА



# ”ХАРТИЈА - ПРВИОТ АРТИКУЛИРАН МЕДИУМ”

ДОМ НА КУЛТУРА ”МАКЕДОНИЈА” - ГЕВГЕЛИЈА

август-септември, 2002

Организатор:
Дом на култура "Македонија" - Гевгелија
ул. "Димитар Влахов" б.б.
тел. 034/212-011, 070-238-544
dkgevgelija@sonet.com.mk

www.bienalegvg.8m.net

Генерален покровител:
Министерство на РМ

Изложбата ја помогна:
Зора Шпед - Гевгелија

# БИЕНАЛЕ НА МЛАДИ АВТОРИ - ГЕВГЕЛИЈА 2002

Првото Биенале на млади автори-Гевгелија 2002г. малку несигурно и срамежливо, застана на свои нозе. Всушност и не е прво,барем не во историски рамки,бидејки МСУ-Скопје организираше неколку по ред кон крајот на осумдесетите и почетокот на 90-те години,и тоа доста успешно ни се чини,што и не потикна да размислуваме во оваа насока. Морам да признам дека организирањето на една ваква манифестација во Гевгелија,која нема "саглам" изложбен простор (и покрај најавите), а Домот на култура (и покрај напорите) сеуште никаков, не беше лесна работа... башбидејки се работи за национална две годишна изложба. Но и покрај ваквата ситуација, градот, во последната година беше место на случување на (две) квалитетни ликовни колонии (во приватна организација); една локална, групна аматерска изложба (орг.Пионерски дом); едно мултимедијално (ликовна уметност и поезија)претставување на локална сцена во списанието "Маргина" (орг.Дом на култура), една-две помали изложби, а Домот на култура веќе има спремено уште 6(шест) изложби кои ќе ги постави до крајот на годината, а веќе има најави за отварање (оспособување) на две нови професионални изложбени простории. Така да перспектива има,традиција исто така, а веќе може да се зборува и за некаква постојана и образована публика.

Но би се задржал на годинешново биенале, кое е замислено повеќе како смотра на новата генерација ликовни автори од републиката,односно презентација на новите (и различни) тенденции во ликовната уметност кај нас.

Затоа и изложбата повеќе се движи во широчина,без тенденција да наметнува или сугерира одговори и решенија,односно не поставува одреден (социокултуролошки,уметнички) проблем или прашање.

Значи еден "класичен" концепт за изложба, на која секој автор е преставен со сопствената визуелна, ликовно-уметничка преокупација и проблематика. Самиот концепт на изложбата подразбира "дела од/на хартија",како единствена насока и ограничување.Така да ова "UNPLUGGED" (без Е-медиуми)изложба го избегна творењето по "нарачка", и во таа смисла е релативно "реален"приказ на моменталната состојба,со акцент на класичните (графички пред се)техники.

По својот пристап (ќе си дозволам една малку груба и воопштена класификација),пристигнатите дела на авторите од помладата генерација(апсолвенти и малку постари) се одликуваат со тоа што се воглавно концентрирани на техничко-ликовните проблеми кои произлегуваат од самиот медиум без некој нагласен општествен (или друг) ангажман; додека на авторите од "постарата" генерација (до 35 год.) се движат од дела со "класичен"пристап до концептуални и дела со призвук на соц- ангажман, и покомплексен(што се должи веројатно на поголемото искуство на експериментирање со различни медиуми) ликовен јазик.

Тоа би биле во груби црти карактеристиките на пристигнатите дела, кои осцилираат во квалитет, идеа, итн.; мал осврт на, и покрај се, во подем локална сцена, и годишново Прво Биенале на млади автори - Гевгелија 2002, кое во иднина ќе се развива како што ќе се развива и самата ликовна сцена во републиката, но нема да биде само огледало на истата, туку и сублиматор и потикнувач на прогресивните струи во младата ликовна уметност во републиката.

На крај, би сакал да ја изразам мојата благодарност до сите автори, кои поклонија по едно дело за првата официјална збирка на ликовни дела во сопственост на Домот на култура, а со тоа и на градот Гевгелија, кои ќе бидат поставени штом се реши прашањето на стандарден изложбен простор.

*Миле Ничевски*

# ХАРТИЈАТА КАКО ОГЛЕДАЛНА СЛИКА НА БИТИЕТО

Околу 105 години од нашата ера во Кина ќе се случи настан, поточно епохално откритие кое ќе влијае и коешто во голема мера глобално ќе го смени текот на дотогашната култура на човештвото.Таа година ќе се случи откритието на хартијата.Технологијата на нејзиното производство (која суштински се до денес нема да се смени ) , подоцна во vII от век ќе биде пренесена во Јапонија, а во Европа ќе стаса дури во XII от век. Во 1440 година во Европа се случи и уште еден настан што дефинитивно ќе ја инаугурира новата ера, а тоа ќе биде откривањето на печатницата. Гутенберговата галаксија ќе ја одреди епохата на новата историја на човештвото чијашто културна матрица егзистира се до денес.

Светот на пишаниот збор, односно на литературата воопшто, како и на светот на некои визуелни медиуми кои ќе бидат директно генерирани од откривањето на хартијата и од Гутенберговиот изум,ќе влијаат на глобалната перцепција и рецепција на светот.

Земјата, односно глината како материја прима, заедно со хартијата како материја сецунда,преработена и произведена директно од природата, ќе останат до денес најподатливите или најискористени материјали за втиснување и рефлектирање на знаците или на сликите, односно на јавните или на криптичните духовни записи и пораки упатени кон другиот. Масовното користење и циркулирање на овие материјали се до појавата на електронските медиуми на извесен начин ќе ја претставуваат примитивната или архетипската слика на современата интернет мрежа.

Првото Биенале на младите кое носи наслов “Хартијата , првиот артикулиран медиум“ е во органи-зација на Домот на културата “ Македонија“ од Гевгелија. На Биеналето се презенираат 30 автори, претставници на најмладата генерација уметници воглавно (графичари) школувани на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Организирањето на ова биенале има за цел (иако фрагментарно) да ја експонира најмладата рецентна македонска ликовна продукција на дела изработени на хартија.Иако на оваа манифестација присуствуваат автори кои веќе ја имаат стекнато и меѓународната афирмација, за поголемиот број на учесници ова Биенале претставува прва промоција и афирмација од ваков вид.

Покрај доминантното присуство на графичкиот медиум којшто е застапен со сите класични техники и со различните ликовни дискурси, сепак она што ова Биенале го прави специфично и што го диференцира од другите којшто се одржуваат во Македонија е неговата мултидисциплинарност, неговото проширување и збогатување со други медиуми како што се: плакатот, фотографијата, пастелот, стрипот и графитот.

Глобалната слика на ова Биенале ја рефлектира различната медиумска, техничка и дискурзивна конфигурација. Тргнувајќи од експресионистичкиот преку минималистичкиот се до интермедијалниот, син-кретички колажиран фрагментарен пристап, овие дела, како во огледална слика, секое поединечно, без големи претензии и без големи нарации, едноставно ја еманираат поетиката на сопствените творечки дискурси.

Без сомнение овој ликовен настан кој е прв од овој вид во Гевгелија, ја приклучува најјужната точка од државата со мрежата културни настани што се одвиваат во нашата престолнина. Заедно со другите биенални и триенални ликовни манифестации и гевгелиското биенале на извесен начин се обидува да се придружи кон акцијата на културна децентрализација и демонополи-зација на уметноста.

Со желба за долготрајно и континуирано при-суство на ваков тип на манифестации, да му посакаме на Биеналето и во иднина успешно да ги промовира креативните потенцијали на најмладите ликовни уметници.

*Конча Пиркоска*

Жири комисија:
Конча Пиркоска
Маја Лештова
М.Ничевски

Гран При:
ИВАНОВА ХРИСТИНА



"Терминатор"
А.О. - сериграфија 2000
БИТРАКОВА КРИСТИНА



"Крокодилите доаѓаат-Тетово 2001"
А.О. дрворез, 2001
БОШКОВСКИ ЗОРАН



”Референца”
акватинта
БОТЕВ АТАНАС



Од циклусот ”Чудна Шума”
скулптура од хартија
БОЖИНОВСКА ЕМИЛИЈА



“Space Mandala”
фотолитографија, 2000
ЧУЛЕВ ВЛАДИМИР



“Човекот кој си ја замени жената со шапка”
цртеж со туш
ДАЧЕВ ГОРАН





“Сврто Тројство”
сува игла
ДИМЕСКА С.

“Преобразба”
сува игла - акватинта, 2001
ДИМЕСКА МАЈА



"Продор"
сува игла и акватинта, 2000
ДУДЕСКИ ХАРИ

"Homelessness as home",
фотографија/цртеж, 2002
ИВАНОВА ХРИСТИНА





"Реминисценција V"
комбинирана техника, 1999
ЈАНЕШЛИЕВА СЛАВИЦА



"Без наслов" - од циклусот урбани пејсажи
комбинирана техника, 2001/2002
КОСТОЈЧИНОСКА МАРЈАНА



“Композиција IX”
цртеж,
КРСТЕВА МИРЈАНА



“Остатоци”
комбинирана техника,
ЛАЗАРЕВСКА ЕМИЛИЈА





"Изгрејсонце"
акрилик на хартија, 2001
МАРКОВСКА МАРИЈА

"Патина"
серигрaфија, 2001
МАРКОВСКА ИРИНА




"Акредитиви на еден измамник",
еден од петте колажи,
комбинирана техника, 2002
МУСОВИЌ ОЛИВЕР



"The Farm Punk"
комбинирана техника (цртеж), 2002
НИЧЕВСКИ МИЛЕ



"Една педа од сто педи
висока кула од цртежи"
комбинирана техника на картон
SUGAR REY GJORGI





"Ѕид"
А.О. акватинта- бакропис, 2000
АНДРЕЕВСКА САШКА

"Речен брег"
3/6 акватинта, 2000
ГЕОРГИЕВА СОЊА





”Без наслов”
ситопечат
ПОПОВСКИ АЛЕКСАНДАР

”Темперамент”
графити,
ПЕТРОВСКИ БОРИС



”Фрагменти од природата”
линорез - сериграфија
РИСКОВСКА ЕЛИЗАБЕТА



”Влез”
комбинирана техника, 2001
СТЕФАНОВСКА МАЈА

## АНДРЕЕВСКА САШКА,

родена на 23. 04.1978 година во Скопје, дипломирала на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје во 2001 година во класата на професор Костадин Танчев-Динка.

Групни изложби:
1999 - Наградна изложба Драгутин Аврамовски-Гуте
1999 - Презентација- Изложба на графичка мапа
2000 - СИАБ- Студентско интернационална арт биенале

## БИТРАКОВА КРИСТИНА,

родена на 05. 08.1976 година во Охрид.
Дипломирала 2000 година на ФЛУ, отсек графика во класата на професор Зоран Јакимовски. Втора година на Постдипломски студии во класата на професор Костадин Танчев - Динка.

адреса: бул: "Јане Сандански" 59 1/9 1000 Скопје

Групни изложби:
Завршни изложби на ФЛУ
КИЦ - Промоција на графичка мапа 1999 во Скопје

- СИАБ - 2000 год. во Скопје
- II - Интернационално студентско триенале - 2000 - Истанбул
- Изложба на дипломирани студенти - 2000 год. Дом на АРМ во Скопје
- Изложба на дипломирани студенти - 2001 год. во Штип

Колонии:
Сликарска колонија "Валандово"-1999 година
- Графичка колонија "Гевгелија"-1999 година
- Студентска колонија "Јоаким Осоговски" -1999 година
- "Крушево" - 2001 година

Награди:
Најдобар студент на генерација 1999 година

## БОТЕВ АТАНАС,

роден 1973 година во Скопје.
Завршил Ликовна академија и постдипломски студии - графика.
Освен графика се занимава со стрип.

## БОЖИНОВСКА ЕМИЛИЈА,

родена 1973 година во Скопје.

Дипломирала на ФЛУ во Скопје 1999 година, во класата на професор Душан Перчинков, отсек сликарство.
Од 2000 година е член на Друштвото на Ликовни уметници на Македонија.

Самостојни изложби:

2001 - Скопје Отворено графичко студио- Музеј на град Скопје

Групни изложби:

1994 - Охрид, Ликовна колонија
1996 - Скопје, фондација од семејството на проф. Борко Лазевски (ФЛУ) освоена втора награда
2000 - Скопје, Ревијална изложба (ДЛУМ)
2001 - Скопје, изложба на "Портрет - автопортрет" (ДЛУМ)
2001 - Лесново. Ликовна коонија

## ЧУЛЕВ ВЛАДИМИР,

роден на 16.11.1971 година во Скопје. .
Дипломира на 27. 06. 2000 година на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје.

## ДАЧЕВ ГОРАН,

роден во Скопје 1970 година.
Стрип цртач, објавувал во : ЛИФТ, МАК СТРИП, КЛИК, СТРИПБУРГЕР, и стрип фантазии во Србија и Литванија

## ДИМЕСКА МАЈА,

родена 1978 во Скопје, 1992/96 средно Уметничко училиште на отсек текстил,

1996/2001 Факултет за ликовни уметности, Скопје, отсек графика со графички дизајн во класата на професор Костадин Танчев-Динка.

Групни изложби:

1998 - Скопје, КИЦ, Изложба по повод графичка мапа на студентите од ФЛУ,
1999 - Скопје, Сули-ан, Изложба по повод наградата Драгитин Аврамовски-Гуте,
2001 - Скопје, Дом на АРМ, Изложба на дипломирани студенти 2000/2001

## ДИМОВСКА С.,

(До затворањето на каталогот не беа пристигнати никакви информации.)

## ДУДЕСКИ ХАРИ,

роден во Прилеп 1974.
Дипломиран графичар со графички дизајн.
Магистрант на ФЛУ - Скопје кај проф. Костадин Танчев - Динка.

Самостојни изложби:
1998 - Прилеп, Културен центар Марко Цепенков
1998 - Битола, Уметничка галерија
Изложува на повеќе групни изложби, меѓу другите во Истанбул 2000, Студентско интернационално арт триенале, Вироинвал, Белгија - изложба на мал формат, и учествува на повеќе ликовни колонии.

## ЃОРЃИЕВА СОЊА,

родена 4.05.1977 година во Битола.
Дипломирала графика со графички дизајн на ФЛУ во Скопје во класата на проф. Зоран Јакимовски 2000 година. Учествувала на повеќе групни изложби и ликовни колонии:

1. Лесновска ликовна колонија 1999 год.

2. Крушевска ликовна колонија 2001 год.

3. Студентска ликовна колонија "Јоаким Осоговски" 1999 год.

## ИВАНОВА ХРИСТИНА,

родена во Скопје, 1974 година
Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1997.
1998/99 - студиски престој, Stiftung Künstlerhaus Boswil, Швајцарија (Pro Helvetia, Kulturaustausch Ost/West)
2001 - студиски престој, The Corporation of Yaddo, Saratoga Springs, New York

Самостојни изложби:
2002 - Запознавање на природата и општеството: спирално патување, CIX Галерија и Македонски центар за фотографија, Скопје ( со Јане Чаловски)
2001 - Музеј на град Скопје - Отворено графичко студијо, Скопје
1999 - Цртежи на соби-објекти, CIX Галерија, Скопје
Празна соба, Stiftung Künstlerhaus Boswil, Boswil, Швајцарија
1998 - Костум за двајца, Младински културен центар, Скопје

Учество на повеќе групни изложби во Скопје, Струмица, Битола, Словенија, Загреб и Ријека(Хрватска), Белград и Вршац(Југославија), Арау(Швајцарија), Балтимор(САД), Виена(Австрија)

# ЈАНЕШЛИЕВА СЛАВИЦА,

родена во Скопје, 1973 година
Дипломирала на Факултет за ликовни уметности во Скопје 1996 година во класата на проф. Зоран Јакимовски, отсек графика.
Магистрирала 1998 год. на истиот факултет, на отсек графика под менторство на проф. Димитар Малиданов.

адреса: "Франц Прешерн" 159, 1000 Скопје

тел: 364 432; 342 239
e-mail: slavica-jane@yahoo.com, sjaneslieva@yahoo.com

Самостојни изложби:

2001 - Скопје, раскажување приказни, СІН Галерија
- Скопје, Сеќавање на еден идеалист, Галерија "степен" Културна локација "Место"
- Братислава, Словачка, Раскажување приказни и видео перформансот
- "Сите мои велосипеди, Галерија "Опен"

2000 - Босвил, Швајцарија, Раскажување приказни, Капела на Kunstlerhaus Boswil
1999 - Скопје, Небомантија, СІН Галерија
1998 - Скопје, Графичка инсталација "Писма" Отворено грфичко студио, при Музеј на град Скопје
1997 - Скопје, Графики-со проектот "Трло" галерија при МКЦ
1996 - Битола, Изложба на графики, Уметничка галерија

Учествува на повеќе групни изложби во републиката и странство.

Награди:

2001 - Скопје, Петто биенале на млади уметици - Grand Prix
2000 - Битола, 3-то Интернационално графичко триенале- Откупна и специјална награда за дело на млад македонски уметник

Скопје, Ревијална изложба на ДЛУМ - Откупна награда од фондацијата Ратко Несторовски - Кинес
1998 - 28 графичка изложба на ДЛУМ - Откупна награда на НУБ
1997 - СИАБ 97, Скопје - II награда .

## КОСТОЈЧИНОСКА МАРЈАНА,

родена на 05. 01. 1974 година во Белград, СРЈугославија.
Дипломирала на ФЛУ во Скопје во 1997 година на отсек Педагошки,
насока графика во класата на Костадин Танчев.
Моментално вработена во ДСУПУ "Лазар Личеноски" и Американското училиште "НОВА".

Адреса: ул. Салвадор Аљенде бр. 34/6 1000 Скопје Македонија
e-mail: artistic@freemail.org.mk
тел: ++389 2 17 88 08 моб. 070 3117 31

Самостојни изложби:

1998 - Скопје, Самостојна изложба, Отворено графичко студио
1999 - Скопје, Самостојна изложба, Галерија ДЛУМ
- Италија, Самостојна изложба "КАЗА ДАНТЕ" - Фиренца
- Скопје, Самостојна изложба - Музеј на современа уметност
2000 - Сараево,Самостојна изложба - Галерија "Роман Петровиќ"
- Скопје, Галерија ДЛУМ - тројца автори
- Франција, Галерија "Св. Клементе"- Краон - тројца автори
2001 - Охрид, Самостојна изложба, Дом на култура

Групни изложби и ликовни колонии:
Учествува на повеќе групни изложби и на неколку ликовни колонии.

## КРСТЕВА МИРЈАНА,

родена во Скопје 1977 година.
Завршила ФЛУ, во Бугарија, Благоевград, во класата на професор
Борислав Стоев 2001 година.

Групни изложби:
Учествува на повеќе групни изложби во Македонија и странство.
Учество на Софиско триенале 2001 година.
Учество на Варненско биенале 2001 година.

Ликовни колонии:
Учествува на повеќе колонии во Македонија и странство.

Награди:
Втора награда на конкурс "Бак и современоста", финансиран од
германската амбасада во Бугарија.

## ЛАЗАРЕВСКА ЕМИЛИЈА,

родена 02. 06.1977 година во Скопје.
Апсолвент на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје во класата на професор Костадин Танчев - Динка.

адреса: "29 Ноември" 46/11 - 4 , 1000 Скопје
тел: 02 / 237 872

Групни изложби:
Завршни изложби на ФЛУ
КИЦ, Промоција на графичка мапа 1999 год.
- СИАБ, во Скопје 2000 год.

Колонии:
Студентска колонија "Теово" - Велес 1999 год.
- Ликовна колонија "Крушево" 2001 година

Награди:
- ДЛУПУМ - за најдобар ученик на генерација 1996 во УПУ - "Лазар Личеноски" – Скопје

## МАРКОВСКА ИРИНА,

родена 1976 година во Скопје,
дипломирана 2000 година на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, под менторство на проф. Николов и проф. Танчев.
Учествувала на неколку групни изложби и ликовни колонии.

## МУСОВИЌ ОЛИВЕР

Роден 1971 во Скопје.
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, отсек графика, во 1997.
Тековно посетува постдипломски студии на истиот факултет.
адреса:
ул. Бранко Заревски 17/2/3
МК 1050 Скопје - Драчево
тел. 02 / 792456
ел. пошта: musovik@mt.net.mk

Самосгојни изложби:

2000 - Скопје, соседи, Отворено графичко студио

1999 - Босвил, Швајцарија, Хипсилофобија, Stiftung Kunstlerhaus Boswil

- Скопје, собување, CIH Gallery

1998 - Скопје, Неколку слободни толкувања иа значајни и помалку значајни дела од литературата преку илустративни примери, Отворено графичко студио

1997 - Скопје, Графики, Младински културен центар

1996 - Битола, Графики, Уметничка галерија

Поважни групни изложби:

2002 - Франкфурт, Германија, Манифеста 4

- Битола, Јас - Ти
- Белград, Југославија, *Who am I?*, Белградски културен центар
- Данди, Шкотска, *ТТТ*, Центар за визуелни истражувања

2001 - Струмица, *Избор 2000*, Уметничка галерија

- Бон, Германија, *Korrespondenzen*, ИФА Галерија
- Белград, Југославија, *Конверзације*, Музеј на современа уметност
- Штутгарт, Германија, *Korrespondenzen*, ИФА Галерија
- Скопје, 5. Бианалена млади, Музеј на современа уметност
- Франкавила ал Маре, Италија, 52-ра Микети награда: *Adriatico, Le due sponde*, Фондација Микети
- Загреб, Хрватска, "Скриени текстови", Галерија на проширени медиуми
- Скопје, "Лаф муабет", Музеј на современа уметност
- Берлин, Германија, *Korrespondenzen*, ИФА Галерија, idem: ИФА Штутгарт

2000 - Скопје, ТИК-ТАК-ТОК, Музеј на современа уметност

- Скопје, ЗБОРОВИ- ОБЈЕКТИ - ДЕЛА, Музеј на град Скопје
- Грац, Австрија, Part of the System, < ротор > асоцијација за современа уметност
- Инсбрук, Австрија, The Continious Cities. Urban Situations, Galerie im Taxispalais
- Скопје, Графички експеримент 2, Отворено графичко студио
- Скопје, A(l=t)titudes, Музеј на современа уметност

1999 - Базел, Швајцарија, view assistance (city sight)

- Истанбул, Турција, 6-то Меѓународно истанбулско биенале, Долмабахче културен центар
- Скопје, Првото Peep-Show во градот, CIX Gallery

1998 - Стокхолм, Шведска, Мали големи приказни, Riksarkivet

- Скопје, Мали големи приказни, НУБ "Св. Климент Охридски"
- Љубљана, Словенија, BREAK 21 - 2. Меѓународен фестивел на млади независни уметници

1997 - Скопје, Графички експеримеит, Отворено графичко студио

## НИЧЕВСКИ МИЛЕ,

роден на 06. 05.1972 година во Гевгелја. Факултет за Ликовна уметност завршил во Скопје 1988, во класата на Костадин Танчев - Динка, отсек графика, но истовремено се бави со сликарство и скулптура. Последните четири години, живее и работи во Гевгелија како менаџер во Домот на културата.

тел: 034 213 744; 070 238 544
e-mail: mnice@freemail.org.mk

2002 - Комплетен автор на театар на сенки - кореодрама "Салома"
2001 - Изложба на слики во Валандово- Ноември
- Изложба на слики и цртежи во Охрид
- Изложба во часописот Маргина- Скопје
2000 - Во повеќе наврати изложува во списанијата Лифт и Маргина
- Учествува на две ликовни колонии во Гевгелија и Валандово
1999/1998 - Учествува на повеќе групни изложби

## ПЕТРОВСКИ БОРИС,

роден е во Скопје , дипломирал на Факултетот за Ликовни уметности во Скопје отсек вајарство.
Скулптор и графити артист.

## ПОПОВСКИ АЛЕКСАНДАР,

роден 1969 година во Битола. завршил
ФЛУ отсек графика 1996година.

Самостојни изложби: во Битола и Скопје,
Групни изложби: во Битола, Скопје, Сомбор, Буенос Аирес,...

## РИСКОВСКА ЕЛИЗАБЕТА,

родена на 25. 07.1977, во Скопје, Р. Македонија.
Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 2001 год.
во класата на професор Костадин Танчев.

адреса: ул. "Франклин Рузвелт" 67/13,1000 Скопје, Р.Македонија
тел: ++3892 36 72 51

Групни изложби:
Културно-информативен центар, промоција на графичка мапа 1999 г.
Групни изложби на ФЛУ- Сули-ан
Изложба на дипломирани студенти на ФЛУ во Дом на АРМ

Ликовни колонии:
с. Теово - Велес 1999 година.

## СТЕФАНОВСКА МАЈА,

родена во Скопје 1972 година.
Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во 1996
година во класата на професор Рубенс Корубин.

адреса: Бул: Партизански одреди 68а, Скопје, Р. Македонија
тел: +389 (0) 91 37 23 06
e-mail: pitaburek@yahoo.com

Дизајн на Web страница:
Венци Калков и Ева Калкова

Дизајн на каталог:
Миле Ничевски

Графичка припрема:
Јован Роглев

Фотографии:
Magic foto

Печати:
"Софија" - Богданци

Тираж: 500